комерцијална банка ад скопје

# Коментар на консолидиран неревидиран Биланс на успех и Биланс на состојба на Комерцијална банка АД Скопје со состојба на 31.12.2016 година

Консолидираниот неревидиран биланс на успех и биланс на состојба на Банката за периодот 01.01-31.12.2016 година се состои од билансот на успех и билансот на состојба на Комерцијална банка АД Скопје, билансот на успех и билансот на состојба на подружницата КБ Публикум инвест АД Скопје – Друштво за управување со инвестициони фондови и билансот на успех и билансот на состојба на придруженото друштво КБ Прво пензиско друштво АД Скопје – Друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови, претставени како биланс на успех и биланс на состојба на едно правно лице.

Во периодот 01.01-31.12.2016 година Комерцијална банка АД Скопје од своето работење на консолидирана основа оствари нето добивка за финансиската година во износ од 791,5 милиони денари. Вкупната актива на консолидирана основа изнесува 100.730,7 милиони денари, додека консолидираниот износ на капиталот и резервите со состојба 31.12.2016 година изнесува 10.565,9 милиони денари.

Скопје, 30.01.2017 година